# ПРЕСПА




**ВЕСНИК НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА**

ГОДИНА XIII | БРОЈ 70 | ПУСТЕЦ - АЛБАНИЈА | ЈУНИ / ЈУЛИ 2011 ГОД.


**Редакцијата на весникот „Преспа“ на сите Македонци, каде и да се, им го честита Илинден**



*ШТО НАПРАВИВМЕ, И ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИМЕ ПО ИЗБОРИТЕ*

# Сите со прстот на чело

ЕФТИМ МИТРЕВСКИ
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ ПРЕСПА

*Раководството на Македонска алијанса за европска интеграција треба да направи длабинска анализа на изборните резултати, зашто општ впечаток е дека можеше да се освојат многу повеќе гласови, а тоа значи и советнички места плус уште една градоначалничка функција во Голо Брдо, и да се разгледаат коалициските односи, ако воопшто ги има, со Демократската партија*

Овие избори треба да се анализираат и во нашата матична држава - Република Македонија, а кога тоа ќе го прават да имаат предвид дека Македонци во Албанија не живеат само во Мала Преспа

Почитуван читател сакам овој простор од весникот Преспа, покрај другите проблем, дел да им го посветам на локалните избори во Албанија кои се одржаа на 8 мај 2011 година, а посебно за тоа како се претстави Македонската алијанса за европска интеграција (МАЕИ) за македонското прашање во Албанија и за севкупната ситуација на изборите во таа држава.

Како се постигна толкава разлика, успех во делот на општина Пустец, од страна на кандидатот на Македонска алијанса? Зошто не се постигна успех во другите делови каде што живеат Македонци - Голо Брдо, Гора, Тирана, Елбасан, Драч, Корча, Поградец и други места?

**(Продолжува на стр.2)**

*Во име на редакцијата на весникот „Преспа“, му посакуваме успешна и плодна работа на реизбраниот кандидат на Македонската алијанса за европска интеграција, г. Едмонд Темелко, за градоначалник на Општина Преспа.*



*Исто така честитки за успешна работа му посакуваме и на новиот Совет на оваа општина.*

**Од редакцијата на весникот**


**Македонската партија е зрела за вонреден конгрес** стр. 4



**Македонската вистина победи** стр. 5



**Да работиме на духовно и културно обединување** стр. 6

*МАКЕДОНЦИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО АЛБАНИЈА НА 8 МАЈ 2011 ГОДИНА*

# Сите со прстот



ЕФТИМ МИТРЕВСКИ
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ ПРЕСПА



**(Продолжува од стр.1)**

Знам, дека оваа анализа некој ќе ја сфати како провокација или озборување, но почитуван читател немам немера никого да провоцирам или да му ја негирам работата и делата што се постигнати. Напротив, целта ми е според политичката филозофија од постигнатите позитивните резултати, да се каже вистината, зашто вистината нема никогаш да победи таму каде што ние не постигнавме резултати или воопшто не се појавивме.

Овие се мои видувања, а вие почитуван читател самите проценете. Ајде заедно да ја разгледаме ситуацијата.

Зошто раководството на партијата немаше јасен договор со коалицискиот партнер, владејачката Демократска партија, каде и како ќе се настапи за изборите? Зошто потпретседателот на партијата Едмонд Османи во општина Требиште, Голо Брдо се остави до последен момент да виси, да не не коалицира со Демократската партија, и на крајот се најде како кандидат на Социјалистичката партија? Зошто се случи така, кои се причините?

Според мене или не е јасен договорот со коалицискиот партнер, ако го има, или се пропуштени роковите, или пак намерно се одолговекуваше на таков начин за македонското прашање во овие делови каде што живет Македонци да доумре, да исчезне еднаш засекогаш.

Сакам навистина да придонесам, во една ваква тешка ситуација во која се наоѓа македонското прашање, за расветлување на причините кои го доведоа македонското прашање во неизвесност во овој регион.

Коалициското партнер пред година дена не дозволуваше во областа на Голо Брдо, во одредени села да се одржуваат приватни курсеви за изучување на македонскиот јазик. И еве сега после толку време потпретседателот на МАЕИ остана надвор од играта за да биде коалициски партнер во општина Требиште. Според мене, не треба многу да се размислува, тука да си ја кажеме вистината, а вистината е оваа : структурите на системот на албанската држава намерно и со јасна цел го оставија надвор од коалицијата Едмонд Османи, бидејќи ако Едмонд Османи беше дел од коалицијата денес ќе беше градоначалник на општина Требиште и јас нема да кажев дека за прв пат имаме градоначалник Македонец, бидејќи таму се сите Македонци, но ќе бев сигурен дека со таква личност ќе имавме можност сите проекти што се однесуваат на македонските работи да започнат да се реализираат во рамките на државната програма, вклучувајќи го и изучувањето на македонскиот јазик во прво одделение според сите законски прописи што ги налага албанското Министерство за образование.

Е тоа, почитуван читател ќе беше најголемиот успех во историјата на македонските работи во Албанија - после 63 години во делот на Голо Брдо пак ќе се учеше македонскиот јазик.

Според вистината и државниот архив во Албанија од 1945-48 година во овој регион се изучуваше македонскиот јазик и сите евиденции се водеа на македонски јазик. Кој сака може да го провери тоа во архивата на Албанија во Тирана. “Баба мами, трап не мами„!

Почитуван читател, јасно ми е дека остварувањето на македонското прашање во овој дел не е лесна работа, но не можам да се согласам дека нема можност и начин. Има и начин и можност, само нема желба. Зошто?

Потребна е подлабока и поширока анализа за да се утврди дека вистината е сосема друга. Со заедничка работа, добра организираност, со институционална и законодавна работа може да се излезе на крај и вистината да победи. За мене ова е најчувствително и најделикатно прашање, многу можеме и сакаме да кажуваме, но вистината е што побрзо да се вратиме на делата и со конкретни за изучување на македонскиот јазик во овие средини, бидејќи македонскот јазик полека изумира. Има можност да го спасиме.

Зошто не учествувавме со советнички листи во Тирана, Елбасан, Драч? Мене ми се чини дека постоеа сите можности ние како политички субјект да учествуваме и мислам дека ќе победевме. Еве, на пример Окружниот Комитет на Корча со упорна работа на претседателот на овој комитет, Тако Гроздани и неговите сора-



# на чело



ботници Јован Шкемби, Елена Соркади, Јане Андони, Јован Филo успеаја да излезат со советнички листи за градовите Корча, Поградец, Билиште, при што во градот Билиште имаме советник - Елена Соркади и во Општина Центар во овој град ја имаме Нертилда Милолари, во Општина Пирк советник на МАЕИ е Кичо Мујо. А Едмонд Османи самиот во Општина Требеште освои три советници - Рустем Османи, Беќир Аго и Љефтер Чала.

Благодарност за тесната соработка до господинот Џорџ Атанасовски, како и за Македонското движење за човекови права од Австралија и Канада за овие локални избори.

Ако седниш и поразговараш со активистите од окружниот комитет на градот Корча на Македонската алијанса, веднаш ќе кажат дека сами се организиравме и не добивме никаква поддршка од раководството на македонската партијаа. Окружниот комитет на Корча освои 1.270 гласови, а во делот на Мала Преспа, Македонската алијанса освои 780 гласови, каде сите 3.500 избирачи се Македонци.

Имаше голема пропаганда во Мала Преспа, помпезна, со пропаганден материјал, со музика, со пејачи на народни песни, каде дојдоа пратеници и од двата парламенти, и од албанскиот и од македонскиот, со говори и поздравувања, едни ни велеа немојте натаму мекедонизам да ширите, а други алал да ви е со ова што сте го постигнале. И Македонска алијанса за европска интеграција од вкупно 3.500 гласови, не може да освои повеќе од 780 гласови.

За да бидеме на чисто почитуван читател треба подлабоко да анализираме - или раководството на партијата не си ја врши работата, или нешто има во гласачите?

Почитуван читателу овој простор во наредниот број ќе ти го отстапам тебе за ти да ми кажиш во што е причината за ваквото однесување.На пример партијата на Чамите во Албанија за неполна година од неговото формирање освои 75.000 гласови и тоа на цела територија на Албанија. Сите Чами преминаа од Демократската и од Социјалистичката партија во нивната партија, Партија на Чамите. Каква слога, кај нив паралелно функционираат и општетствено-политичка организација-Чамерија и Институтот за нивното национално прашање и на крајот формираа политичка партија каде што на овие локални избори си ја покажаа својата способност, организираност и слога, дека националното прашање кај нив е над сè.

Ние треба да учиме од нив.

Реалната слика ни покажува дека немаме јасен договор со коалицискиот партнер, нема јасна програма на раководството на партијата каде и како треба да се работи. Ако партијата се претставеше на сите нивоа во локалната власт, убеден сум дека Македонска алијанса ќе постигнеше повисоки резултати. Конкретно се покажа дека коалицискиот партнер Демократска партија, на овие избори на локално ниво освои над 70% од комуните во селските средини, така што ни дава јасна слика дека во партијата не постои јасна програма.

Според мое мислење грешките се во раководството на партијта со сакање или без сакање. Тие треба да подлегнат на длабока партиска анализа успехот да се награди, неуспехот да се казни и да се излезе со конкретни мерки. Ако си поминеме со премолчување јасно да ни биде дека македонското прашање нема да се спомнува.

**НЀ, ОТКРИВТЕ, СЕ ПОРАДУВАВТЕ И ДЕЛ НЕ ЗАБОРАВИВТЕ!**

Сигурен сум почитуван читател дека многумина пред 1990 година во Република Македонија не знаеја дека во Албанија има Македонци. Но, и кога нè открија се порадуваа и поголемиот дел нè заборавија. Она што постојано си го говорам во моите написи е дека во нашата матична Република Македонија, било кој да биде на власт треба да направи многу за да ги помогне македонските работи. Анализирајте и изградете мудро еден правилник, една политика која нема да биде раководена од верата или местото на живеење на Македонците. Треба да им се помогне рамноправно на сите Македонци и во областа на Голо Брдо и на Гора и во урбаните средини Тирана, Драч, Елбасан затоа што и таму има пензионери-Македонци. Прошетајте ги во матичната Република Македонија, и за нив е света работа македонскиот град Охрид. И во областа на Голо Брдо и на Гора има деца кои што сакаат да учат македонски јазик, отворете ги вратите примете ги прошетајте ги низ цела матична држава, и тие тогаш нема да велат ние сме нашинци, или ние сме Горани туку гордо ќе речат и ние сме Македонци.

И од Гораните и од Голобрданите можат да се примат 50 до 100 студенти да студираат во Македонија. И во горанските села може да се организира фолклорен фестивал и во Требиште уште поголем фестивал на кој ќе учествуваат сите 32 села.

И жените од овој крај знаат да пеат бракарски песни, сакаат да слушаат народна музика исполнети од ѕвездата Васка Илиева, Петранка Костандинова, Никола Бадев, е тогаш моја драга матична Република Македонијо ќе видеше како ќе збунеше македонскиот глас, колку цврсти ќе беа редовите на Македонска алијанса. Нема време за чекање, треба да се работи, не сме многу далеку, еден пат од два километри изграден од твоја страна од Џепиште до Требиште духовно ќе нè обедини и вреди повеќе од илјада книги донесени.

Почитуван читател, не сакам многу да те замарам со изборните работи, туку повеќе сакам да те повикам за заедно да седниме, да се организираме како што горе споменав и да поразговараме што се случува на Балканот, како народите си ја бранат својата нација, како албанскиот фактор се обедини во Химара Албанија, наспроти грчкото прашање, што треба ние да преземеме со цел да се обединиме, да го спасиме македонското прашање во другите делови на Албанија.

Е моја матична Република Македонијо, јас имам многу за кажување бидејќи пред мене стојат многу можни проекти за остварување, но ти не губи време види ги овие работи со твое око, реално убеди се и не чекај затоа што изгубен секој час за Мекедонците во Албанија значи атрофирање, веќе почнува да изумира и втората генерација, онаа генерациаја од 1948 година бидејќи подоцна ќе ни биде касно, подај рака!

Моја државо, не се малку дваесет години откако кај нас падна јаремот на диктатурата, тогаш во крошната имаше новороденче а денес после дваесет години тој ја бара својата родна грутка, тогаш вие нè откривте, се порадувавте со сите нас и ние ви веруваме од тогаш до сега, ние сите знаеме дека имаме една единствена татковина, Република Македонија и одма преку граници се пробивме за да се видиме ние со тебе и ти со нас, е тогаш ти требаше да преземиш сериозни мерки за да го спасиш македонското прашање во цела Албанија, но за жал не исто ги гледаше и сè уште ги гледаш работите. Не се малку 20 години наназад, ако упорно соработувавме ќе имавме изградено поколение кое цврсто и убедливо ќе работеше на македонското прашање. Такви примери на Балканот има многу, но за разлика од нас плански си ги изградија работите и цврсто чекорат по нивниот пат за националните интереси.

**Сакам заедно да седниме и да поразговараме за тоа што се случува на Балканот**

Сепак гледам и кај тебе Република Мкедонијо дека се раѓа надеж, со поддршка и од македонската дијаспора која сака и помага за македонското прашање, не само за во Албанија каде што борбата за остварување на македонското прашање е многу полесна споредено со Македонците кои што живеат во Грција и Бугарија.

Немој да мислиш почитуван читателу дека сакам да побегнам од одговорноста и лично и колективно и сигурен сум дека во Албанија доколку се најде заеднички јазик постојат можности да ние како Македонци да го спасиме македонското прашање, а под македонско прашање јас подразбирам изучување на македонски јазик кај сите македонци во Албанија. И тоа е возможно! Да им ставиме крај еднаш засекогаш за да му биде јасно на политичарите, новинарите, бизнисмените, историчарите, писатели и пејачи дека кога зборуваат за македонското прашање во Албанија тоа не се однесува само на Мала Преспа - туку на Македонците во Албанија, затоа што и Голо Брдо и Гора се македонски делови, ви се молам не делете ги!

*ИНТЕРВЈУ СО ТАЌО ГРОЗДАНИ ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГИОНАЛНО ОКРУЖЕН КОМИТЕТ КОРЧА*

# Македонската партија е зрела за вонреден конгрес

ЕФТИМ МИТРЕВСКИ
ОДГОВОРЕН УРЕДНИК НА ВЕСНИКОТ ПРЕСПА

**„ПРЕСПА“: Господине Гроздани, тргнувајки од функциите во партијата сакам да објасните кои мерки и каков план презеде Централниот комитет на Македонска алијанса со цел да постигне што е можно поголем успех на локалните избори 8 мај 2011 година?**

**ГРОЗДАНИ:** Прво да објаснам дека во овие последни две години единствена легитимна функција во партијатакоја ја носам е преседател на Регионалниот окружен комитет Корча каде сум избран на регионална конференција во февруари 2009 година. Факт е дека корчанскиот регионален комитет на овие избори го сноси товарот и постигна половина од гласовите постигнати од Македонска алијанса за европска интеграција во цела Албанија. Македонска алијанса на државно ниво освои околу 2.500 гласови.

Само корчанскиот регионален комитет кој е еден од осумте комитети постигна околу 1.250 гласови , што значи половината од севкупните гласови што ги постигна партијата на ниво на држава. Преспанскиот комитет постигна 750 гласови од 3.500 гласачи во делот на Мала Преспа.

Од 16 општини на државно ниво во кој МАЕИ се појави со советнички листи, осум се дел од корчанскиот комитет.

Да се навратам на вашето прашање, партијата МАЕИ имаше за цел да оствари поголем успех, поголем пристап на советници преку кој ќе се подигне македонскиот глас во оние совети каде што сме присутни, зашто тое е и патот кој нашиот политички субјект ќе се залага да ги брани и интегрира македонците во Р. Албанија.

■ **Кои мерки ги презеде Централниот комитет на партијата за Регионалниот комитет Корча, каде Вие бевте носител на советничката листа, а излеговте со советнички листи и во градовите Подграец, Билиште, и во пет комуни кои спаѓаат под вашиот комитет?**

- Ние некоја си подршка од Централниот комитет не очекувавме. Јас , Елена и Јован и другите во Корчанскиот комитет сме членови во ЦК во партијата и знаеме декапатиската централа не предвиде ниту работен план, ниту задачи, ниту се организира некаков изборен штаб. Во Корчанскиот регион сè што постигнавме е резултат прво на нашата работа како регионален комитет, каде успеавме да зацртаме стратегија за постигнување на целите, и второ носителите на советничките листи кои се и првите луѓе на партијата во нивните облас-



Таќо Гроздани

ти со свои сили и во соработка со партиското тело на регионално и на локално го постигнаа овој резултат. Дали можеше повеке? Ако во Корча имавме подршка од центарот на партијата, како штои јас го поддржав во мојот регион, победата ќе беше сигурна. Но, се случи спротивното. А за председателот на партијата Едмонд Темелко имаме забелешка дека месец дена нити праша нити се појави, туку се затвори во Мала Преспа и цел партиски потенцијал таму го вложи. Така што во таква ситуација и она што го постигнавме од наша страна е за поздравување.

■ **Според вас, кои беа причините што вие лично не успевте во градот Корча да освоите советничко место?**

- Во општините од Корчанскиот регион битката секаде беше за прв пат и тешка, но во градот Корча мислам потешка и токму затоа јас презедов одговорност. Градот Корча е град од прва категорија во Албанија, има некаде 71.000 гласачи, а се појавија на гласање 32.000. Во 18 населби само во градот има 63 изборни единици и еден бројачки центар со пет маси за броење.За советот од 35 советници конкурираа 24 политички партии. Успеавме да ги евидентираме Македонците и кој на кое гласачко место треба да гласа, се запознавме со изборната поделба на градот, центрите за гласање. Успеавме на политичкиот фактор и на јавноста да им кажеме дека ние Македонците сме насекаде.

Како партија во коалицијата бевме со десните, а бројката на Македонците ако излезеа 100% на гласање беше околу 500. Се потрудивме да постигнеме обединување на Македонците во градот во Македонска алијанса. На некој начин тоа ќе се постигнеше, но Македонците во Корча и во Поградец се роднински и духовно поврзани во Мала Преспа каде што се водеше битката за општина - од една страна МАЕИ во коалиција со десните против Македонци од левицата. Тоа сигурно дека нас, кои немавме подршка нити од власта во Албанија нити во Македонија, и нити во сопствената партија, значи сардисани од секаде, ни се одрази на резултатот. Како партија имавме потреба и од наблудувачи, при што коалицијата на десните не ни даде никаква подршка. Во 63 избирачки центри ни беа 63 потребни наблудувачи, а тие требаше да се платат. Навистина жешка и тврда беше борбата меѓу 24 политички партии за советници во градот Корча.

Повеќето од Македонците навистина јавно, свесно и радосно се искажуваа дека ќе гласаат за Македонската партија или поточно за кандидатот Македонец. Но, имаше и други наши Македонци кои што гласовите му ги доделија на Социјалистичка партија на Демократска партија и на Партијата за човекови права (грчката партија). Тие по мое мислење се водат само по потекло како Македонци. Благодарение на сите Македонци што ја гласаа Македонска алијанса на сите оние пријатели од албанска националност, успеавме во градот Корча да земеме два пати повеке гласови од 2007 година, и десетина пати повеќе од 2009 година. Во Корча за да освоивме барем едно место советничко местso од вкупно 35, требаше сите Македонци да нè подржата без разлика на нивната партиска припадност и лубомора, затоа што не сме многу да се делиме и спротиставуваме.

■ **Од ваше искуство како бивш председател на Преспанскиот регион можете да ни објасните зошто бројот на гласови на Македонска алијанса е некаде трипати помал од гласовите на Едмонд Темелко како кандидат?**

- За да се одговори на ова прашање мислам дека е потребна една опсежна анализа. На кратко ќе кажам, гласовите што ги обезбеде Македонска алијанса на изборите на 8 мај беа во бројка речиси рамно постигнати како гласовите освоени во 2007 година. Второ колку што работи кандидатот за себе многу помалку работи за партијата. Трето мислам дека за да има поголем резултат партијата советничката листа треба да се состои од луѓе кои имаат доверба и углед во народот, мислам дека таквите луѓе ние нити ги бараме нити ги нудиме. Четврто, се појасно им е на гласачите дека гласот на партијата е глас за советник, конкурираат преку 100 кандидати за 13 места, никој не води сметка зошто да не добијат поуспешните луѓе.

Неможе да остане без коментар и интелегенцијата во Преспа и пошироко кои

*Сите забелешки за постигнувањата ма локалните избори не носат на една точка - на Првиот конгрес на партијата. Патот кој не носи на исправување на сите овие забелешки и на многу други статутарни и организациски, е вонреден конгрес. Не е касно да започниме со подготовките за тој вонреден конгрес. Според мое мислење на крајот на годината да се одржи, затоа што не очекуваат уште поголеми работи*

според мене е плашлива, неразумна, и неопределена со најнизок политички интегритет, што за жал во никое малцинство не постои, бараат заштита за неговите работни места, ги менуваат партиите по потреба само тешко му е да дојдат во Македонската партија. Мислам дека оние советници кои денес ја претставуваат Македонска алијанса во Мала Преспа со цела почит која ја имам за нив, тие му припаѓаат на Албанските партии, и сè се уште слуги на тие партии. Мислам дека стратегијата употребена во Мала Преспа на овие локални избори ни донесе огромна штета и за наредните парламентарни избори. На крај за да одговорам и на другите ваши прашања поврзани со понатамошната акција за реорганизирање на партијата, ќе наредам некои работи, но знам дека тешко ќе се земе предвид, Прво: за да се заштити единството во партијата ни се потребни длабока анализа, поздравување и наградување (со повисоки функции) во партијата на сите оние активисти кои се изборile и придонесоа за резултатот. Да се застане и сериозно да се анализира зошто во општината Требиште г-дин Едмонд Османи, кој е потпреседател на партијата, во овој регион не се појави како кандидат од нашата коалиција. Тој загуби со само 20 гласови. Како се објаснува и во кого е грешката? Зошто во Тирана немаме советнички листи во општина и во мини општина? Зошто не се појавивме и во градот Драч, Елбасан, Каваја? Ајде да направиме анализа, секој да си ја земи својата вина и работите да тргнат. Сите овие забелешки не носат на една точка, онаму каде што се појавија и тоа на Првиот конгрес на партијата. Патот кој не носи на исправување на сите овие забелешки и на многу други статутарни и организациски, потребен ни е вонреден конгрес. Не е касно да започниме со подготовките за тој вонреден конгрес. Според мое мислење на крајот на годината да се одржи, затоа што не очекуваат уште поголеми работи.



*АНАЛИЗА ПО ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ*

# Македонската вистина победи

СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

Денес, кога го пишувам овој материјал, и ако сè уште не се објавени официјалните резултати од страна на Централниот Избирачка Комисија на Албанија за локалните избори, кои се одржаа на 8-ми мај 2011 година. Македонците, во сите делови на Албанија, каде ги има распрснати со живеалиште и со работа, после 20 години демократија во Албанија, слават горди, весели и достојно за тоа што постигнаа на овие избори. Иако можеше да се постигнат уште поголеми резултати. Велиме дека Мкаедонците слават насекаде токму затоа што, за првпат, тие се појавија со своите кандидати за градоначалници и за советници во општините низ селата и градовите каде тие се концентрирани и живеат од памтивека или населени во последните децении од различни причини. Исто така, велиме дека слават горди и достојни токму затоа што тие, Македонците, под името на Македонската партија, Македонската алијанса за европска интеграција, за првпат, без окото да им трепне, се појавија на овие избори и, ако сè уште неофицијално, постигнаа резултати кои те радуваат и ти влеваат надеж за една блескава иднина на Македонците низ Албанија кои се лојални граѓани на државата и кои, упорно, ги бараат остварувањата на своите права и слободи како поединци и како етничко македонско малцинство внатре во рамките на законите на државата но и според предвидените права и слободи утврдени во европските и во светските документи. На овие локални избори партијата на Македонците се појави со кандидати за градоначалници во општината на Преспа по втор пат, како и во општината на Голобрдо за прв пат со нејзините кандидати Едмонд Темелко за Преспа и Едмонд Османи за Голобрдо. Исто така, со кандидати за советници се појави во општините на Корча, Билишта, Поградец, Елбасан и во повеќе други помали општини низ селата каде живеат Македонците. Така што, после двомесечна упорна и макотрпна работа на сите членови и симпатизери на Партијата, на овие ибори, МАЕИ, во коалиција и со различни албански блок-партии, според определноста на населението низ општините, успеа да освои градоначалничко место по втори пат во Преспа каде победи кандидатот Едмонд Темелко, како и советнички места во општините на Билишта - градот, Билишта - центар, Општина Пирг, Преспа, Елбасан, Голобрдо а можно е и за во други општини каде сè уште не завршило броењето на гласовите.

Ккако и да е, убаво е да се истакне тоа што Македонците во Албанија се освестуваат насекаде каде се наоѓаат, и сфатија дека доколку си ги земат во свои раце нивните судбини, ќе можат да просперираат како посебен народ, како посебна македонска нација, ќе можат да си го уредат и да си го средат својот живот така како што му прилега на еден човек, на едно малцинство, дека само така ќе можат да ги решаваат своите проблеми во државата во која живеат, дека само така ќе бидат застапени во институциите на државата и, само така ќе бидат рамноправни со другите народи во мултиетничка Албанија, и само така ќе бидат почитувани од другите така како што самите знаат да почитуваат, а не да бидат малтретирни, уценети, дури и угнетувани од другите кои му се преправаат како господари и нивни газди.

Овие резултати, особено во општината на Преспа, каде населението стопстотно е македонско, се постигнаа токму затоа што повеќе од сериозно се опфати потребната работа од страна на центарот на македонската партија, особено од партискиот комитет на Преспа, од сите свои членови и симпатизери и токму затоа се дојде до успех, се доби по втори пат градоначалничкото место со добивање на 72 отсто од гласовите на бројот на излезените избирачи кои гласаа за кандидат за градоначалник како и 30 отсто од гласовите на ибирачите за советнички места во општината.

Со тие добиени гласови, Македонската партија ќе освои 4 советнички места во Советот на Општината кој вкупно има 13 советници. На овие постигнати резултати на локалните избори од страна на македонското малцинство во Албанија свој придонес дадоа и неколку пратеници од Собранието на Република Македонија, градоначалници на македонски општини во Македонија како и повеќе претставници на други државни институции и здруженија меѓу кои треба да се истакне особено г-дин Џорџ Атанасоски - Ѓорѓија кој, со цела негова екипа, беше присутен на отворањето на кампањата на Македонската партија за локалните избори како и на затворањето на кампањата за која тој вложи голема морална и материјална поддршка. Такви луѓе, Македонци како успешниот бизнисмен Џорџ Атанасоски, потребни му се на Македонија и на македонската кауза бидејќи, сведоци сме дека денес народите, особено на балканските простори, успеваат во меѓусебното единство, во меѓусебната поддршка дури до максималната можност на секој поединец на било кој народ, на било која нација. Е таков е Ѓорѓија - Џорџ Атансоски кој, уште пред години, честопати ја крстосуваше македонската нација во Албанија и помага колку што може со морална и материјална поддршка.

Овие локални избори, за македонскиот народ во Албанија се од поголема важност токму затоа што ја потврдија и географската распределеност на тој народ на територијата на цела Албанија, го потврдија постоењето на македонскиот народ покрај сите досегашни, догогодишни обиди од страна на Албанија, отворени и маскирани обиди за избришување на тој народ од картата на Албанија и за создавање на едноетничка албанска држава.

Самиот факт што, со појавата на Македонската партија на гласачките ливчиња на повеќе градски и селски опШтини, се одзваја и гласачи Македонци кои живеат во тие делови, говори дека Македонците се присутни и ги има низ цела Албанија, и никој не може да ги избрише и да ги згасне со никакви обиди.

Но, за жал, и другиот постоечки факт, фактот што за тринаесет советнички места во општината на Преспа, конкурирале уште девет други албански партии со свои кандидати Македонци, од нивните редови а жители на Преспа, покажува дека македонскиот народ во Албанија, па и овој во Преспа сеуште не е свесен што прави, сè уште не е свесен дека со тоа му служи на албанската кауза, на албанската стратегија за уништување на македонската нација и на мекедонското малцинство во Албанија. Тој, Македонецот, изманипулиран и за долги и долги години, привлечен привремено, краткотрајно, моментално од страна на албанските партии за ситни лични интереси, заборава целосно за својата македонска припадност, заборава за својот народ и за својата нација, заборава дека тој е припадник на друга група на луѓе и, полусвесно се приклучува кон другата помоќна група, кон другото стадо. Така што, сакајќи или не, свесно или несвесно, тој работи за интересите на другите и против своите интереси, против својот род и народ.

*Македонците, под името на Македонската партија, Македонската алијанса за европска интеграција, за првпат, без окото да им трепне, се појавија на овие избори низ целата држава и постигнаа резултати кои те радуваат и ти влеваат надеж за една блескава иднина на Македонците низ Албанија*



На тој правец, и ако има веќе дваесет години што се работи за осведување на македонскиот народ, од страна на македонските општествено-политички друштва, од страна на Македонската заедница во Албанија, а последните години и од страна на Македонската партија - Македонската алијанса за европска интеграција, сепак никако да се дојде до саканата цел, никако да се откажат албанските партии од македонскиот гласач и никако и да му се рече „доста“! на тие албански емисари кои ги крстосуваат македонските територии во Албанија се додека не ги добијат гласовите на Македонците, и само за време на кампањите. Велиме така токму затоа што, освен неколку души Македонци вработени во државни работи, кои се бројат на прсти, од најниското ниво, друго ништо не опфаќаат програмите на албанските партии кои прават политика и кампања помеѓу Македонците. До денес, ниту една албанска партија, ниту еден негов албански претставник, не кажал ниту збор за проблемите на македонскиот народ во Албанија. Не кажал збор во најниските државни кругови а да не зборуваме за повисоките инстанци на државата.

Освен актуелниот пратеник во Албанскиот Собрание, кој е претставува и околијата на Преспа во таа институција, г-дин Едмонд Спахо, освен тој што го покрена прашањето на промена на имињата на македонските села во Преспа од албански на македонски имиња, според барањата на народот и одлуката на Советот на Општината, друг никој албански претставник не рекол ниту пола збор за проблемите на македонското малцинство во Албанија. Токму затоа ние денес се наоѓаме на најниско рамниште на развојот на албанското општество. Токму затоа, од таа наша македонска распарченост, ние Македонците не можеме да се најдеме себеси во средината и на истото рамниште во другите народи и малцинства во Албанија.

Како и да е, сепак македонскиот народ и македонската партија во Албанија, свесни се дека сè уште не ги имаат добиено ниту минималните права кои им припаѓаат како народ и како нација, свесни се дека сè уште се наоѓаат на едно ниско ниво во општеството на Албанија бидејќи се потценуваат неговите квалитети и способности, свесни се дека не се застапени во никакви државни институции на Албанија на ниту едно нејзино ниво и, токму затоа, свесни се дека пред нив стојат уште поголеми битки, битки кои треба да се освојат за да може да биде на исто рамниште со другите нации во Албанија. Пред Македонската партија во Албанија се отвораат поголеми и поширoки хоризонти кои таа треба да ги изоди свесно и совесно, да ги изоди повеќе организирана и со нови стратегии за да се стигне до целта, да се стигне до можно напредување на македонското малцинство во Албанија во правец на реализирање на неговите права и слободи кои го прават посебен и го разликуваат, но и го зближуваат со останатите народи и малцинства во Албанија. На Македонската партија ѝ требаат нови организирања во деловите каде таа сè уште не е застапена со сите нејзини структури. Доколку таа ќе биде присутна и активна на сите места каде живеат Македонците, а тоа се потврди со нивните гласови кои се добија на овие локални избори, доколку Македонската партија секојдневно ќе биде блиску и во контакт со секој Македонец, успесите ќе бидат големи, Македонштината ќе ни биде активна проширена насекаде а и ќе ни бидат повеќе отворени вратите на албанските институции на секаде каде не има. Само така ќе можеме да опстанеме и да просперираме како Македонски народ и како Македонска нација.

*СЕ НАБЛИЖУВААТ 100 ГОДИНИ ОД ДЕЛБАТА НА МАКЕДОНИЈА*

# Да работиме на духовно и културно обединување




СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

На прагот сме на 2013 година, на прагот на таа година на која, точно пред 100 години измачената и искусурената Македонија, некои светски касапи ја докусуриле, ја распарчиле на неколку дела, ја потопиле во другите територии на комшиите и, целосно ја избришале од светската карта, од картата на земјите каде некогаш, токму таа Македонија го заземаше првото место помеѓу тогашните малку на број држави и империи.

Се знае дека тогаш, во таа црна 1913 година се распарчиле и други народи и држави според вкусот и желбите на моќните џандари кои го правеле светскиот закон, но за време на овие 100 изминати години повеќето од народите повторно се освестиле, работеле за своите цели и каузи и повторно си се втемелија на нивните стари темели, та дури и создадоа нови држави и државички кои не постоеле никогаш.

Но, ние Македонците каде сме? ... Каде е нашата некогашна Македонија? ... Зошто не работиме и ние како другите? Зошто не земеме пример од оние, напредните? На кого чекаме? ... Кој ќе ја води нашата грижа? ... Зошто не правиме никакви чекори, барем за духовно и културно обединување, и ако уште тогаш, уште пред распарчувањето на Македонија, нашиот Македонски Великан, нашиот идеолог ќе речеше: „Јас го разбирам светот како поле за културен натпревар меѓу народите!“

Добро ама, кога Делчев го подразбирал светот како поле за културен натпревар помеѓу народите, ние Македонците како ја подразбираме Македонија? Дали ја подразбираме како поле за културен натпревар помеѓу македонските области, внатре во Македонија, или како арена на меѓусебни расправии, кодошења, предавства, итн. ...? Како ја подразбираме оваа распарчена Македонија на неколку дела и преселена, и раселена низ светот? Кој треба да ни ја води таа грижа, да нè собере, да нè обедини низ светот? Кој треба да ни ја води таа грижа, да нè собере, да нè обедини, да нè седне на една ледина и заедно да го славиме Велигден, заедно да се поклониме пред нашите Светци и Просветители, пред Кирил и Методиј, пред Климент и Наум, пред ...? Кој треба да нè собере и да нè однесе кај Мечкин Камен, да се поклониме пред споменикот каде е закопан Никола Карев, да се поклониме пред споменикот на Гоце Делчев, да поставиме еден букет цвеќе над гробот на Јане Сандански, да си го прославиме, заедно Илинден и да му дадеме почит на туреената крв, на илјадниците млади Илинденци, од сите делови на Македонија? ... Кој треба да нè собере заедно, од Егеј, од Пирин, од Вардар, од Преспа, од Австралија, од Канада, од Америка, од Европа и да го заиграме заеднички нашето, прочуено, Тешкото оро, токму таму, среде Скопје или на врвот на Пирин Планина, таму среде Солун или над островот Малиград во Преспанско Езеро каде Царот Самуил ја славел некогаш Македонската победа? ... Кој треба да нè собери среде Струга, на Струшките вечери на поезијата и да си ја запееме песната на Миладиновци „Т'га за Југ“, да запееме за големиот Прличев, за бистроумниот Рацин и за ред други македонски личности, македонски синови кои оставиле длабоки врежани траги во темелите и ѕидовите на македонската културна зграда која зрачи и ги пои културите на другите народи од соседството и пошироко? ...

Кога знаеме дека една нација, еден народ опстанува само кога е способен да го чува и да го развива својот јазик, да ја чува и да ја развива својата вера, култура итн., како белези кои го прават посебен и различен од другите, тогаш, што чекаме ние Македонците? Зошто не ѝ го даваме заслуженото место на нашата култура, на македонската култура и, свесно или несвесно, предност му даваме и ги увеличуваме културите на другите народи кога оние ја негираат и ја омаловажуваат нашата? ... Зошто му даваме преголеми, непотребни светски димензии, на некои македонски културни манифестации и настани како што се:“ Струшките вечери на поезијата“, „Рацинови средби“, „Прличеви средби“ и други фолклорни манифестации кога не сме способни или не сакаме на прво место да си ја почитуваме и да си ја развиваме нашата култура, македонската култура со нејзините сличности и различности според деловите на живеење?

*Кога знаеме дека една нација, еден народ опстанува само кога е способен да го чува и да го развива својот јазик, да ја чува и да ја развива својата вера, култура итн., како белези кои го прават посебен и различен од другите, тогаш, што чекаме ние Македонците? Зошто не ѝ го даваме заслуженото место на нашата култура, на македонската култура и, свесно или несвесно, предност му даваме и ги увеличуваме културите на другите народи кога оние ја негираат и ја омаловажуваат нашата?*

Го велиме ова не затоа што ги мразиме и не ги сакаме културите на другите народи, но затоа што нашата култура не се почитува доволно од другите, особено од нашите соседи и затоа што самите си ја запоставуваме нашата култура која треба да ја зајакнеме и да блесне со целиот нејзин сјај како и некогаш. Со еден збор, вистината е ова: Нема ниту песна, ниту оро, ниту еден стих или еден збор македонски искажан јавно на грчката културна сцена, нема ниту песна, ниту оро па и ниту еден стих македонски искажан на културната албанска сцена последните дваесет години, откако оваа држава се нарекува демокраска држава. Нема ниту песна, ниту оро, ниту еден збор да каже дека е македонски на бугарската културна сцена и ако сите песни, сите ора и целиот бугарски јазик е македонски јазик, не е застапена песната и орото македонско на културната српска сцена колку се застапени српските ора и песни низ цела Македонија и во секакви културни прослави и настани ... Е, тогаш што правиме ние Македонците?! Зошто молчиме и се радуваме со горчливата реалност и, уште повеќе, ги величаме другите култури, дури, понекогаш и се финансираат со парите на македонскиот народ? ...

Јас не знам што да речам друго за ова што ни се случува нас Македонците, само знам дека нашиот проблем е наш проблем и самите треба да си го решиме. Самите треба да си ги засучеме ракавите, да се освестиме и да почнеме со вистинската работа. Доколку се согласиме, да се собереме на една македонска братска расправија, доколку ќе имаме свест и волја, ќе најдеме лек за сите наши болки и ќе можеме повторно, еден недалечен ден, да се гордееме што сме Македонци, да се гордееме со нашат Мајка Македонија. Само така ќе нè почитуваат и другите, така како што и ние ги почитуваме нив.

*ШТО СТОРИВМЕ ЗА НАШАТА ТАТКОВИНА МАКЕДОНИЈА?*

# Одговорите се во Светото Писмо!

СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

Ееј, батка! ... Што сторе ти за Македонија?

Помеѓу нас Македонците било кој дел да бидеме, од некогашните распарчени територии на Македонија, постои од дамнина и се употребува и ден-денес народното кажување кое претставува елба за среќа и за добрини, а гласи: „Каде и да бидеме, со кого и да бидеме - живи и здрави да бидиме!“

Се гледа дека ова кажување, оваа молитва, оваа желба гледана и анализирана од повеќе аспекти, го покажува нашиот карактер, нашите македонски особини, посебности, карактеристики кои го дефинираат Македонецот, а го прават различен од другите народи, различен и од неговите соседи со кои живеел со години и векови, а не примал многу од нив, од поглавните нивни карактеристики и различности.

Значи, за нас Македонците главната грижа, главната преокупација е тоа што „Каде и да бидиме, со кого и да бидиме, само живи и здрави да бидиме ...!“ која сигурно дека е една од највредните желби и кажувања на сите светски нации и народи, али не највредната и единствената како што е со нас Македонците. Вистинскиот човек не може да се моли и да посакува здравје и живот во било какви околности.

Тоа наше кажување, е истакнато на некој начин и во Светото Писмо покрај другите вредности и особини на човекот кои се испишани во тоа Писмо. Светото Писмо, за нас Македонците навистина е најсвето нешто али, никогаш не сме го исчитале правилно и не сме го почитувале целосно бидејќи, тоа Писмо нè учи како да бидеме здрави и живи, такви како мајка ни не родила, али не само „здрави и живи ...“ под секакви услови, под секакви околности, под невредности кои те обезличуваат како човек со посебни белези и различности од другите кои живеат со тебе, до тебе и околу тебе ...

Меѓу другото, Св. Писмо, тоа писмо со позлатени лисје испечатено од испратениот Божји автор, за нашата татковина, за Македонија, за една од 3-4-те земји и држави кои се споменуваат во тоа Писмо вели: - На стр. 234 Св. Апостол Павле истакнува: „ ... Ќе дојдам кај вас, откако Ќе ја поминам Македонија, зашто низ Македонија само ќе минам ...“, на стр. 268 се вели за Солуњаните: „... Станувате образец за сите верници во Македонија ... Од вас одекна словото Господово не само во Македонија ...“, и др.

Така што, Македонската Прва Империја, после нејзините славни периоди од времето на нејзините цареви и кралеви како што беа Филип, Александар, Самуил и други пред нив и после нив, никако да може да крене глава, никако да дојде до единство, никако да може да се разбере меѓусебе македонскиот народ и, токму затоа го следеле и го следат уништувања, раскол, предавства и секакви други лошотии. Тие последици ја доведоа Македонија на крстопат, ја донесоа 1913-та година кога светските касапи ја распарчија на 4-5 дела за да се дојде до денешни дни, до пострашни дни кога, повторно другите, некои трети или четврти странци ни наредуваат нас Македонците како и каде да живееме, кога и колку да дишеме, како да ги крштеваме нашите деца и, најапсурдното е тоа што ни кажуваат што како да ја прекстиме нашата Мајка, нашата татковина, Божјата Мајка, Македонија.

И ние Македонците, повторно, тивко, сè и сешто прифаќаме само: „Каде да бидеме, со кого и да бидеме, живи и здрави да бидеме! ... „Живи та клети! ... Живи та неживи! ... И, тоа ни се случува токму затоа што сме распарчени, така како што нè распарчија некогаш. Тоа ни се случува токму затоа што секаде сме разделени ние Македонците, дури и во тие парчиња каде некогаш ни наредија да живееме во тој проклет живот.

За нас доволно е тоа, доволно е да поздравиме и да се разделиме со нашата Македонска молитва“ .. Каде и да сме, со кого и да сме - живи и здрави да сме! ...“ без да се размислиме, без да се продлабочиме во тоа кажување и да се запрашаме: - Ееej мајката! ... Како може да бидиме живи и здрави кога ништо, ама баш ништо не правиме за тоа? ... Како може да бидиме живи и здрави кога уште, другите, третите или десеттите, нè водат за огламник и ни кажуваат како и каде да живееме и денес, во 21-от век, во оваа тн. демократија?

Сетне, за еден човек, за едно такво суштество кое Господ го надари и со памет за да може да биде различно од другите животни на овој свет, само здравје и живот му се потребни?! .. Може едно човечко суштество да живее без мисли, без име, без нација, без сличности и различности со другите и од другите, така како што самиот Бог ги створил овие работи? ...

Токму од тука излегува и прашањето кое стои пред секој Македонец и гласи: - Еej, батка! Што сторе ти за Македонија? .. Што сторе ти за себе, за твојата нација, за твојата земја, за твојата Татковина!? ...

*Не е проблемот да ја нарамиш торбата, да фатиш по целиот свет, да се прекрстиш таму, да промениш се од мајчиното само и само да му се бендисаш на газдата, на „господарот“ кој ќе ти ја дери кожата и ќе ти фрла по едно парче леб како на куче. Дури не е проблемот и ако си обезбедил еден убав и раскошен живот доколку не личиш повеќе на човек, таков како што мајка ти те родила. Потребно е достоинство, човечност, потребно е каде и да бидиш, со кого и да бидиш, да бидиш човек, достоен и почитуван*



Е, за да бидеш вистински човек, треба да работиш цел живот за да можеш да му одговориш на овие прашања, да му одговориш на сите предизвици во животот за образот да ти биде чист, бел и, на тие што доаѓаат по тебе, да му оставиш основа и чиста почва за развој на еден достоен живот.

Со прашањето „ ... Што стори ти за тебе? ...“ не се подразбира само тоа дека што си сторил ти за да имаш сè за јадење, за пиење, за еден раскошен економски живот, туку што сторе ти за да личиш на човек со сите свои особини и посебности, значи: - што си сторил ти да личиш на Македонец? ... Не е проблемот да ја нарамиш торбата, да фатиш по целиот свет, да се прекрстиш таму, да промениш се од мајчиното само и само да му се бендисаш на газдата, на „господарот“ кој ќе ти ја дери кожата и ќе ти фрла по едно парче леб како на куче. Дури не е проблемот и ако си обезбедил еден убав и раскошен живот доколку не личиш повеќе на човек, таков како што мајка ти те родила. Потребно е достоинство, човечност, потребно е што каде и да бидиш, со кого и да бидиш, да бидиш човек, достоен и почитуван, така како што ти ги респектираш и ги почитуваш другите. Али, за жал, тоа ти батка не го правиш! ... Не го правам ниту јас море брате Македонче ... За тебе битно е тоа што да бидеш здрав и жив, каде и да бидеш и со кого да бидеш. Да бидеш најаден, напиен и ако си малтретиран, обезличен, угнетен, потценет, омаловажуван па дури и без име да бидеш, како што сега ни се крои нашата судбина, македонската судбина ...

Така што ти батка, ти мило Македонче, ти, јас, сите ние, ништо не сторивме за нашата Македонија, за нашата Татковина! Ништо, ама баш ништо добро освен се лошо! ...

Никаква добрина не сторивме за Македонија ниту ние Македонците кои живееме во Албанија, ниту оние под Грција, ниту тие под Бугарија, под Србија итн.

Ништо не сторија ниту оние илјадници а можеби имилони Македонци кои живеат низ Европа, Америка, Канада, Австралија итн. Ништо, ама баш ништо не сме сториле до колку нашето „сторено“ го споредивме со стореното на нашите соседи, на нашите комшии за нивните нации, за нивните народи, за нивните татковини.

Кој ќе се одзвие за нашата единствена Мајка Македонија да биде Македонија дури да има живот на овој свет? ... Кој ќе се одзвие ако не ние Македончињата распарчени низ светот?! ... Кој ќе се жртвува, ако не ние? ... Ние Македонците .. Ние нeранимајковците ... Ние Немакедонците?! .. Море, кои ќе бидеме и што ќе бидеме доколку, не дај Боже, се дојде до промена на името на нашата Мајка?! ... Море, дали сме свесни за тоа што ни го прават и ни го кројат другите?! ... Сетне, ние Македонците и нашата Македонија ниту имаме само една болка, само една рана? ... Овие, дваесетина последни години, откако Македонија стана самостојна и независна држава, наместо да му се радуваме на тој пресврт, наместо да си бидеме среќни и весели ние Македонците, барем во тој дел и за тој дел на слободна Македонија, ние влеговме во други крстопати, во други тешки лавиринти низ кои не знаеме како да поминеме и пак, повторно, другите И третите нè влечат за носот и ни кажуваат како да се расправаме и да ги решаваме нашите проблеми. Тие ни кажуваат и пак тие ни ја откупија целата економска моќ во државата за повторно, цел живот да си играат мајтап со нашата судбина и со судбината на нашите деца. А, можеше да биде поинаку, можеше да се создадат услови за повеќето од произведувачките економски капацитети во државата да се откупат од нашите бизнисмени кои се наоѓаат во странство и денес, барем да беше обезбеден работниот домашен македонски фактор. Исто така, покрај сопките и стапиците кои ги поставуваат деструктивните сили, внатрешни и надворешни, и неранимајковците за да го спречат развојот на Македонија кон праведна вистинска национална македонска држава, треба да предизвика немир и реакција кај сите вистински синови на Македонија. Вистинскиот Македонец работи за вистинска македонска држава. Затоа батка, каде и да бидеш, и со кого да бидеш, гледај што прави тој другиот за неговата татковина, за неговата држава, за неговата земја и спореди се со него. Види што си сторил ти за твоајта земја, за твојата држава, за твојата татковина, за Македонија.

Само така, доколку јас и ти, и оној третиот, и оној тринаесетмилиониот Македонец, доколку сите ние Македонците, каде и да бидеме, ќе му помогнеме на Бога за нашите работи, тогаш и Тој самиот Бог ќе ни помогне, како и некогаш, како во блескавите времиња на Македонија.



ЗА СМЕЕЊЕ И ЗА....

# Разговорот помеѓу Преспанец и Егеец

- Ееej, батка! ... Николаки! ... Зошто не ми се јавуваш и да ми честиташ море копиле едно по повод победата на локалните избори кои се одржаа во Преспа?

- Кој си бе ти и од кај си море недоделкан Албомакедонец? ... На кого му велиш „копиле“ ти кога не сме се виделе никогаш досега?

- Извинете Афендико Николаки, ама што си копиле, копиле си и нема мрдање од тоа. Е, сетне, дали си од постарите или од помладите копилиња, таа е друга работа, а копиле од Лерин или ... од Флорина тоа е иста сорта само друга амбалажа ... Туку, ајде да се смириме и да поразговаме како ни личи, како браќа што сме по рода и крв, и ако и тука, и нас ни викаат копилиња ... Така што батка Никола јас сум Спасе ... оној Спасе од Леска, од Мала Преспа бе која лежи под Албанија, како Лерин и Солун под Грција бе ...

- Каква „Леска“ море шутрак еден? Каде имало некаде, на светската карта име „Леска“? Јас дома имам интернет и никаде не сум ја видел Леска?! ...

- Аа извинете! Во тој правец ние од Преспата не можевме да останиме позади вас од Егејот ... Вие го нарековте Тесалоники наместо Солун, го нарековте Флорина наместо Лерин и т.н. и ние одма, после вас ги прекрстивме нашите и му го залепивме Лајтизе наместо Леска. Диелас наместо Шулин итн. ... Што си мислевте вие бе? ... Вие ќе излезите поспособни од нас! ... А бе знаеш ти дека ние ги изградивме 12-те Цркви во Ахил по наредба на Цар Самуил?! ... Не знаеш ти дека шпионот кој го накодошил Гоце Делчев беше од Преспа?! ... Туку, ова што те прашав, зошто не ми се јави и не ми честита за победата на локалните избори?! ...

- Е, ај кажи, на тоа што ти останал меракот ... Како си поминавте?

- Пааа вака ...Како и секогаш ... Одма, колку се разбира за избори и во Преспа, одма колку разбраа дека и Македонската крава бара јунец и сака да се води, се насобраа од секаде јунци и јуруци. Така што, кутрата крава не знаше на кој јунец да му застани и да му ја даде ...

- И? ...

- Што „и“? ... Ако го делиме работите на трите поглавните, тогаш, ние Македонците го зедовме од трите подолгиот, а ако ги поделиме на сите учесници е, тогаш, Македонците зедоја само една четвртина или само 25 отсто од должината. Значи Македонците добија 75 понта од 250 понта должина што беше целиот. Така што, врти го сучи го како да сакаш тоа е победа на Македонштината во Мала Преспа...

- Абе на каква победа се радувате вие во Албанија? А бе не слушате дека Европа пак ќе ви постави визен режим и нема каде да мрдните повторно? ...

- Види батка Никола или Николаки! Европа нека прави што сака со визите. Нас од Преспата не ни се потребни визи за да одиме во Печикраци и во Дардаза ... Така што ...

- А бе што кажуваш ти бе?! ... Кај се наоѓаат овие држави Дардаза и Печикраци бе? ...

- Е па, виде незнаш ништо ти со интернетот? ... Овие не се држави туку граодви во државите на Лајтизе и Диелас во кои ние можиме, сега засега, да патуваме без визи, да одиме таму на нивните карпести плажи, да се сончаме голи и да ги печиме краците колку да сакаме бидејќи тоа е царство на гуштериците и на желките ... Ако сакаш и ти да дојдиш и да уживаш во овие убавини е тогаш јави се кај конзулот во Солун или во Тесалоники и јас, одма ќе ти пуштам гаранција за да добиеш виза. Ех, бре батка Никола, каков џумбуш ќе правиме доколку дојдиш! ...

*Спасе Мазенковски*




*КОРЧА*

## Промовирани книги од македонски автори од Пиринска Македонија

Во Корча, Албанија во организација на Македонска алијанса за европска интеграција се промовираа две книги од македонски автори од Пиринска Македонија. Книгите „Кој ја фалсификува историјата-Македонија вечна“ од Ѓорѓи Радуле и „Големината на македонскиот народ“ од Божидар Киријаков, ги промовираше македонскиот писател од Прилеп, Република Македонија, Драги Башески.

Со двајцата автори од Пиринска Македонија се договори натамошна соработка на културно поле помеѓу Македонците од Пиринска Македонија и Македонците од Албанија и наскоро во Софија ќе се оразганизира промоција на книги од македонски автори од Албанија.

Двајцата автори истакнаа дека се радуваат на успесите на Македонците во Албанија, и поради фактот што Албанија признава Македонци на дел од својата територија, додека Бугарија, иако е членка на Европска унија, продолжува со негаторскиот однос спрема Македонците во Бугарија.

Исто така, на промоцијата се истакна дека се смешни обидите на Бугарија вештачки да направи „Бугари“ од Македонците во Албанија, и дека Бугарија треба да престане со таа политика и да бара Бугари таму каде што ги нема, туку да ги признае Македонците во Бугарија.

За овој настан пренесоа и албанските медиуми во Корча.

*Васил Стерјовски*

**ПРЕСПА**

**Издава:** Заедницата на Македонците во Албанија
**Главен и одговорен уредник:** Ефтим Митрески
**Извршен уредник:** Христо Ивановски
**Лектор:** Елеонора Стојкоска
**Компјутерска подготовка:** Гордана Наумовска
**Фотографии:** Архива „Дневник“ и на Редакцијата
**Редакција:** Спасе Мазенковски, Кол Нина, Вита Која, Аднан Кејвани, Крисанда Јанкула, Фоте Никола
**Адреса:** Спасе Мазенковски, с. Леска, Пустец - Корча, Република Албанија
**Тел. за контакт:** 00389 70 912-943, 00389 75 962-611
e-mail: malaprespa@yahoo.com
**Печати:** „Графички центар“ - Скопје
**Спонзор:** Редакцијата на „Дневник“
**Банка:** Популоре Дега Корче - Албаниа
НР. ЛОГ: 000026795,
BANK CODE: 21341010

## ПЕСНИ



### Молитва за Македонија

Нема ни скрб, ни тешкотија за Македонија непозната!
Кој ни осуди, Господе, да страдаме како проколнати?
Мачена, касана, ограбувана-станала „врб на Голгота“.
Слободата низ дваесет столетија е купувана со ЖИВОТИ!

Господе, вдахни ми сили да му помогнам на мојот народ
Со добри и насушни дела, со мудро и благородно слово,
За да биде слободен и мирен возродениот негов живот
За борба и жртва веднаш, моето срце е готово!

Помогни ми, нека најдам блиска и верна патека,
По неа достојно да минам, да можам до крај да успеам,
Темното було да дигнам од триесет минати века,
И од изворот вечен на правдата, жива вода да налеам!

Со боси нозе ќе поминам низ бури, низ снег и жароj,
Со жива вода да облеам болните-глуви и слепи,
За да почувствуваат Господе, родова сила и здравје,
И да поверуваат во мене, како во Бога Асклепиј!

Со жива вода да налеам нашите жилави корени,
Јаки стебла да израснат-со убави широки гранки,

И поросени од вистината-со души, за доброто отворени,
Нека не спомнуваат, Господе, минати болки и рани!...

Тргнувам, исполнета со сила,
сопатник биди ми на секаде!
ТИ си моќен и свесилен,
ТИ си над сите-ЕДИНСТВЕН!
Мојата древна земја
МАКЕДОНИЈА-ВО ВЕК И ВЕКОВИ
ДА БИДЕ-свој свечен благослов
испратии, праведен Боже!
АМИН!



*Златка Дамјанова*

### Кај комисијата

Магарето од Преспа се решило вака:
„Нема животот да го врвам туку -така,
Не се праправам со работи тешки, гнасни,
Туку ќе станам прочуен, ќе пишувам басни!“
И така почнало, еден куп испишало
И, со папката во рацете кај комисијата се јавило
Застана пред неа, се треси, зборовите ги влече
Рикна два-три пати, се искашла и рече:
Идам од Преспа комисијо драга
И треба да проработи вашата вага
Да мери, да каже дали басните мои
Се искинати крпи или цвеќа со бои ...
- Еми, - вели главетарот, прчот со брада
- Треба да размислиме со главата ладна
Дур дошло од Преспа до кај нас, да рика
Магарето ќе носи убава музика ...
- Чекајте Претседателе, - вели маца членка
- Не се дава одма, највисока оценка
Неможе да ги голтниме басните на екс
Ако немаат современост ... мислам на секс ...
- Така е - вели од ќошот коњот бел
- Али, и јас како авторот, збунет сум цел
Тој, што аплицира во месец февруари,
Токму сега, кога на маца крвта му вари? ...
Го зеде зборот свињата и вели:
- Одлуката на комисијата вака да дели:
Басните се стари! На нив му треба бастун,
Не можиме да го јадиме сирењето за сапун! ...
И, на крајот прчот-претседател, одлуката е фрле:
- Магаре, јави се на конкурс кога ќе бидеш крле! ...

### Магарето и волкот

Дрварот во гората дрва береше
Магарето на ледина трева пасеше.
Од другата страна на шумата волкот се јави
Се лигави, куца и под сенката се зави.
На магарето му вели: - Батка барај чаре, лек
Уште магаре ќе седиш и во 21-от век?
Цел живот ќе трпиш да носиш самар
Кога комотно можеш да бидеш дури цар?
- А бе, батка, и ако си волк, сепак си добар,
Кажи, како може да станам од магаре цар?
- Па вака, легни да ти го тргнам самарот јас
Среќата те следи, и за тебе има спас! ...
- Добро волче, можеби вреди подготовката уште:
„Роди ме со ксмет и фрли ме на буниште!“

*Спасе Мазенковски*